

# 17ти/th ЗИМСКИ САЛОН / WINTER SALON

## СПЕКТРАЛНИ МЕСТА
## SPECTRAL ABODES

ДЛУМ DLUM

ДЛУМ Друштво на ликовни уметници на Македонија

# СПЕКТРАЛНИ МЕСТА

*~ Предизвици на претставениот простор ~*

Интернационалната изложба Зимски Салон која во организација на Друштвото на ликовни уметници се одржува овој февруари во Скопје, дефинира еден интересен збир на настојувања со кои преку ликовната композиција, на секој начин дозволува да се приближиме до различните сеназации поврзани со просторното дефинирање. Просторното дефинирање всушност е и дел од нашиот егзистенцијален, суштински и пренослив образец. Во овој современ свет и околности на живеење, тоа е всушност доказ за скромност, дигитална сигурност и мерки кои се префрлени во технолошки рефлекс дури и порано од календарскиот влез на предизвиците на 21-от век. Доказите за верувањето се наоѓаат во обновените сомнежи во буквално сè што постои околу нас, без разлика дали се работи за извонредната сигурност на графизмот и текстурата, за различните конструкции и емисии, за експанзивната популарна култура на непостоечка дискреција на човекот, но и за сето она што се нарекува нов доказ на замор и едноличност кои за жал го презаситуваат денешниот современ свет на веќевидените човечки односи.

Спектралното или имагинативното позиционирање на местата, амбиентите и центрите на создадениот уметнички објект се всушност реконструкција на уметнички или археолошки пример на веќе пронајдениот артефакт од минатото, кој во различни пристапи ни ги приближува размислувањата кои доаѓаат од креативната потсвест. Не сме далеку од вистината кога велиме дека есенцијална окупираност на визуелната уметност во 21 век, каде што примерите на подвижни слики, автоматски или наследни перцепции се составен дел на уметничкото искуство, па дури и кога има простор, гледна точка или место на работа кои што не припаѓаат на што не му припаѓа на анимацијата или т.н. видео уметност.

Главно фокусирана на прашањето за дејствувањето и имплозијата на физичкиот простор во границите на нејзинот медиумско претставување, изложбата во импозантниот камен амбиент на Чифте Амам има за цел да ги подреди сите различни и интригантни детали. Прикажани се различни теми инспирирани од експонати, материјализирани неподвижни или виртуелни слики, аспекти на телото но и разни аспекти на композиционата експресија. Оваа изложба има за цел да ги обедини аспектите на разбирање, а просторот да го претстави како физичка местополжба. Самата локација - за уметниците е поврзана со оддалечена или имагинарна топографија – на реални места и локалитети врзани за пост-историското искуство на денешницата. Во неа фројдовскиот заклучок и резиме на “недостатоците во културата” се свртуваат кон препознатливите аспекти кои што сите ги споделуваме: траума, опасност и разбирање на неизвесноста и апсурдноста, кои почнаа да стануваат сè позабележливи во првата деценија од 21 век, а денес истите тие демонстрираат внимание и афект како единствени сојузници на уметникот во сè поостри и поапсурдни геополитички проспекти.

Соочувањето со денешните простори не може да ги избегне оптималните технолошки компромиси кои всушност се модус на очекувано однесување во физичките и информативните простори, но исто така претставуваат и солидни имагинативно конструирани и виртуелни концепти.

Поставувајќи го фокусот на психолошки, веќе доживеани но и провокативни резултати, оваа селекција ги обединува и им дава важност на различните аспекти и пристапи во дефинирањето на местоположбата, локацијата, реалниот и имагинарниот простор, како константен предизвик на уметничко ниво(не дискутирајќи за висниата на истото) кој секогаш ќе биде предмет на поединечни сензуални изразувања.

На оваа изложба доловени се временско-просторни јазли, кои наликуваат на сликовити поглавја, давајќи го фокусот на визуелната и уметничката сугестија насочена кон ориентационите, сензуалните и различните искуства на современите креатори, како во Македонија, така и во регионот.

" Спектралните Места" - во рамките на исчезнатите молекули на водата на Чифте Амам од минатото, за имагинарниот поглед на посетителот на денешницата стануваат ситуациона експозиција (сега и тука) составена од компресија, меморија, локација но и непознатост за креаторите на веќе запомнетата местоположба. Баш како и древната игра на цивилизацијата, поставувањето на изложбата може да биде проследено со индивидуални насловни целини, именувани по психологијата на перцепцијата и потенцијалот: помнење / вдишување / копнеж / замислување/ кои во рамките на тензичниот, современ, реален физички простор, прикажуваат доказ за нашите општи барања кои се во рамките на уметничкиот опус.

Др. Никола Шуица,
*Професор на Факултетот за ликовна уметност,*
*Универзитет за уметност, Белград*



**СЛОБОДАН МИЛОШЕСКИ**
*„СРЕДИШТЕ НА ФЛУИДНИОТ ПЛАМЕН НА ПЛОДНОСТА“*
КОМБИНИРАНА ТЕХНИКА 257X182X137 CM, 2017

**SLOBODAN MILOSESKI**
*„CENTER OF THE FLUID FLAME OF FERTILITY“*
COMBINED TECHNIQUE 257X182X137 CM, 2017

ИЗЛОЖБАТА Е РЕАЛИЗИРАНА СО ПОМОШ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

THIS EXHIBITION IS SUPPORTED BY THE MINISTRY OF CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Министерство за Култура
на Република Македонија
Ministry of Culture
Republic of Macedonia

ДЛУМ
Друштво
на ликовни уметници
на Македонија

DLUM
Association
of Artists
of Macedonia

КИЦ - QIK
Културно Информативен Центар
Qendra Informative Kulturore

NLB Banka

КОЖУВЧАНКА

ЕВРОПСКИ
УНИВЕРЗИТЕТ
Р. МАКЕДОНИЈА

4VIRTUS

СКОПСКО ЛЕТО

Издавач: Друштво на ликовни уметници на Македонија
Published by: Association of artists of Macedonia

Одговорен уредник: Христијан Санев, Претседател на ДЛУМ
Editor in chief: Hristijan Sanev, President of DLUM

Организација: ДЛУМ
Organization:DLUM

Селектор на изложбата и текст: Др. Никола Шуица
Selector of the exhibition and text: Nikola Suica

Фотографија: Бојан Симовски
Photography: Bojan Simovski

Печат: ROYAL ART
Printed by: ROYAL ART

Тираж: 300
Copies: 300

Национална Галерија на Македонија - Чифте Амам
National Gallery of Macedonia - Chifte Hamam

Скопје, 16 февруари 2018
Skopje, 16 February 2018

ISBN 978-9989-797-42-2